NSW Health

# Програма за стоматолошки бенефиции за деца

## Често поставувани прашања

### Што е Програма за стоматолошки бенефиции за деца?

Со Програмата за стоматолошки бенефиции за деца (Child Dental Benefits Schedule - CDBS) на деца и тинејџери кои исполнуваат услови им се нудат бенефиции од Medicare во износ до 1.095 долари во текот на две календарски години за основни стоматолошки услуги.

### Дали моето дете исполнува услови за CDBS?

Деца и тинејџери ги исполнуваат условите за користење на CDBS ако:

- се на возраст од 0 до 17 години во било кој ден од календарската година
- имаат право да користат Medicare
- се членови на семејство кое прима Family Tax Benefit Part A (Семејна даночна бенефиција, Дел А) или ако детето прима исплата од Австралиската влада од списокот на исплати кој е достапен преку Department of Human Services (Оддел за човечки услуги)

### Зошто од мене ќе биде побарано да потпишам формулар за финансиска согласност за користење на CDBS во јавна стоматолошка клиника?

- Ова ѝ овозможува на јавната стоматолошка клиника да бара исплата на бенефиции од Medicare за децата кои исполнуваат услови да ја користат CDBS
- Овие бенефиции ќе се користат за подобрување на услугите и лекување на повеќе пациенти кои имаат потреба од стоматолошка нега

### Дали ќе ми се наплати ако ја користам бенефицијата на моето дете во јавна стоматолошка клиника?

Не. Јавните стоматолошки клиники ќе му обезбедат нега на вашето дете бесплатно. Дури и ако го достигнете ограничувањето на бенефицијата од 1.095 долари од Medicare CDBS, или ако на вашето дете му е потребен третман кој не е покриен со CDBS, нема да ви се наплаќа за овие услуги.

### Каде можам да најдам повеќе информации за CDBS?

За информации во врска со CDBS во јавните стоматолошки служби во Нов Јужен Велс, посетете ја веб-страницата: health.nsw.gov.au/cdbs



**За општи информации во врска со CDBS, посетете ја веб-страницата на Department of Human Services.**

## Дали сакате да дознате повеќе?

Прашајте го нашиот персонал или посетете ја веб-страницата
**health.nsw.gov.au/cdbs**

February 2024 © NSW Health. SHPN (COHS) 220255-12 Macedonian